# ***Здравствена едукација, октомври 2013 година***

*Со здравствена едукација за промоција на здравјето во тек на месец октомври 2013 година се опфатени учениците во*

- *СУГС Кочо Рацин во општина Ѓорче Петров, и*
- *ОУ Војдан Чернодрински во општина Карпош.*

*Тема на здравствено-воспитните предавања во средното училиште се Сексуално преносливите болести и ХИВ/СИДА. Со 25 предавања се опфатени 569 ученици. Одржана е и една трибина со 40 ученика на тема Планирање на семејството и безбедна бременост и поколенија.*

*Во основното училиште со 28 предавања се опфатени 600 ученици. Во зависност од нивната возраст е работено на следниве теми- Лична хигиена, Здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана и Болести на зависност. Со 50 ученика е одржана трибина за Здравствениот бенефит од спроведување на редовни физички активности.*

*Во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје во Центарот за јавно здравје Скопје, се реализирани посети од 21 ученик од СУГС Марија Кири Склодовска во општина Аеродром, при што се поделени 25 кондоми и 62 флаери.*

*Следува кратка фоторепортажа од реализираните предавања.*



*СУГС Кочо Рацин, општина Ѓорче Петров*



*СУГС Кочо Рацин, општина Ѓорче Петров*



*СУГС Кочо Рацин, општина Ѓорче Петров*



*СУГС Кочо Рацин, општина Ѓорче Петров*